USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

***За објавување веднаш***
21 јануари 2010 год.
Канцеларија за односи со медиумите: +389 (0)2 321 7060
Моб. тел: +389 (0)70 29 34 34
Е-пошта: nstankovic@agbiz.com.mk

# Соопштение

## УСАИД ги подржува напорите за подобрување на односите помеѓу фирмите, преработувачи на зеленчук и примарните производители

УСАИД, дел од мисијата на САД во Македонија, инвестира во економскиот развој во земјата преку помагање на индивидуалните компании од агробизнисот да ја зголемат нивната конкурентност и продуктивност, а успешно и одржливо да влезат на нови пазари за земјоделски производи кои имаат додадена вредност. УСАИД преку својата АгБиз програма поддржува организирање на еднодневна работилница на тема "Подобрување на врските помеѓу фирмите, преработувачи на зеленчук и примарните производители - вклучувајќи ги ги соодветните мерки на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Презентери на работилницата се високи претставници од Македонската асоцијација на преработувачи (МАП), Федерацијата на фармерите на Република Македонија (ФФРМ) и заменик-министерот на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) на Р.М - г-дин Перица Ивановски.

Целтта на работилницата е да се дискутираат досегашните искуства од соработката на производителите и преработувачите на овошје и зеленчук, очекувањата и побарувањата за следната сезона, како и политиката и мерките на МЗШВ насочени кон стимулирање на хоризонталните врски и подобрување на соработката помеѓу заинтересираните страни.

До денеска, АгБиз програма на УСАИД обезбеди подршка на 170 компании од агробизнисот да ја подобрат својата конкурентност и извоз, со што на одржлив начин го зголемуваат нивниот извоз. АгБиз исто така поддржува 20 големи проекти од агробизнисот наменети за деловно проширување, со вкупна вредност од 5.9 милиони американски долари и се очекува истите да резултираат со 28.7 милиони американски долари во зголемување на извозот.

ЗАБЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ:

Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано преку 500 милиони долари во Македонија започнувајќи од 1993 година. УСАИД имплементира проекти кои креираат работни места, ја намалуваат корупцијата и ги подготвуваат македонските студенти во иднина да станат спремна работна сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат македонската транзиција кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји. За повеќе информации, посетете ја веб страната: http://macedonia.usaid.gov